ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Датум: 02 јули 2014

# СООПШТЕНИЕ

## Средба на директорката на ФЗОМ, м-р Маја Парнарџиева-Змејкова со Здружение на граѓани “Хемолог“

Она што пред 20 години за нас беше сон, денеска е веќе реалност, достапност на потребните лекови, отворена врата на институцијата но и слух за нашите проблеми кои резултираат со подбра здравствена грижа за лицата со хемофилија. Ова на денешната средба со директорката, м-р Маја Парнарџиева-Змејкова и нејзиниот тим го истакна Драги Лулевиќ, престседателот на Управниот одбор на Здружението „Хемолог“. На средбата одржана во ФЗОМ присуствуваше и Цветанка Наќоска, почесен претседател на здружението.





За посветеноста во подобрување на квалитетот на здравствените услуги за лицата со хемофилија, претставниците на Хемолог и врачија благодарница на диркеторката на ФЗОМ, м-р Маја Парнарџиева-Змејкова нагласувајќи дека создала атмосфера на доверба, почит и искена желба да се решат проблемите и да се одговори на потребите на лицата со хемофилија.

Парнарџиева-Змејкова им се заблагодари на претставниците на здружението за искажаната доверба и истакна дека правата на осигурениците се приоритет во агендата на Фондот за здравствено осигурување на Македонија. Фондот и натаму ќе продолжи со практиката да остварува редовни директни средби со здруженијата на граѓани бидејќи цени дека тоа е вистинскиот пат да се изнајдат најдобрите начини за унапредување на квалитетот на здравствени услуги согласно современите медицински трендови.